**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број:09-1233
03.01.2024 година
Скопје

# ООУ „Рилиндја“-с.Лојане-општина Липково

| | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 30,31.10 и 01.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 5 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Џавид Сулејмани |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 2 |
| **Основач на училиштето:** | општина Липково |
| **Наставен јазик:** | Албански |
| **Број на ученици:** | 389 |
| **Полова структура на ученици:** | 182 машки и 207 женски |
| **Број на наставници:** | 45 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Ибиш Мисими |
| **Директор на училиштето:** | Идриз Сулејмани |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 02-04.05.2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | С.Лојане -општина Липково |
| **Телефон:** | 070 709 930 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | Shf_rilindja@hotmail.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | **Добар 2.60** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009,57/2010, 51/2011,24/2013,137/2013, 164/2013,41/2014,33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција, од 30.10 до 01 11. 2023 година, тим од троица државни просветни инспектори спроведоа Интегрална Евалуација во работата на ООУ„Рилинџа“ с.Лојане-општина Липково.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим при што извршено е прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Рилинџа“ -с. Лојане-општина Липково, се оценува со **Добар (2.60)**

Наставниот процес во ООУ„Рилинџа“-с.Лојане-општина Липково се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование.

Реализацијата е во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта, донесен од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптирани наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Бирото за развој на образованието. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво, второ, трето и петто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена од Министерот за образование и наука.

Во училиштето има 2 ученици со посебни образовни потреби кои се со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, 2 ученици работат според ИОП.

Училиштето има формирано инклузивен тим одлука 02-316 од 09.12.2022 година. Исто така, има и 8 ученици со потешкотии во учењето кои се детектирани со извештај од надлежна институција или од страна на наставниците и стручната служба и со нив се работи со диференциран пристап. За сите ученици со посебни образовни потреби постои индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор.

Училиштето има Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“,која треба да се одвива во три нивоа: директна поддршка на учениците и нивните родители, поддршка на воспитно-образовниот кадар и поддршка на пошироката општествена заедница. Во училиштето во моментов е ангажиран еден образовен асистент од Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“-Скопје.

Се реализира транспарентна процедура со која се дава можност учениците самостојно да вршат избор од три понудени изборни предмети според нивните интересии и потреби.

Слободните ученички активности во училиштето делумно ги задоволуваат потребите и интересите на учениците.

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи, спортски активности и друго. Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците, како и обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Во учебната 2021/2022 година учениците освоиле трето место на ниво на општина Липково.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на вонначаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето нема формирано училишен спортски клуб . Училишниот спортски клуб е во процедура.

Средниот успех на постигањата на учениците во учебната 2022/2023 година е 4.36.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици.

Наставниците ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Поголемиот дел од наставниците планираат и вонначаставни активности.

Наставниот процес во училиштето го реализираат наставници со соодветно образование и мал дел од наставниците се несоодветни за изведување на редовната настава.

Поголем дел од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи, и употреба на ИКТ во наставата.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Постои интеракција меѓу наставник-ученик. Голем дел од наставниците во одделенска настава, користат различни ресурси и приоди за учење и настава за разлика од предметните наставници кои најчесто користат само учебници и дополнителна прирачна литература. Наставниците користат различни наставни форми и методи, но кај голем дел од наставниците истите секогаш не соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Во училиштето се врши континуирано следење и оценување на учениците со примена на различни методи, начини и форми за оценување. Критериумот за оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои се запознаени учениците.

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење.

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна. Се води грижа за здравјето на учениците.

Училиштето води добра грижа за спречување на учениците од физички повреди и елементарни непогоди, бидејќи училишната зграда претставува безбеден објект за претстој, така што во неа нема опасни места од електричен удар, поплава. Има инсталирани противпожарни апарати, хидранти и громобранска инсталација.

Хигиената во зградата на училиштето (училниците, ходниците) делумно се одржува.Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има поставено корпи за отпадоци.

Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење во соработка со здравствените институции.

Програмата за професионална ориентација на учениците се реализира од стручната служба и наставниците кои се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование.

Училиштето има соработка со граѓанскиот сектор. Постојат конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата и училиштето, како и соработка со други институции.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед. Училиштето има формирано училишен парламент избрана на демоктатски начин и која функционира според изготвен План за работа на училишниот парламент.

Кодекс на однесување се истакнати транспаретно во ходниците и холот на училиштето. Донесените кодекси од страна на вработените, учениците и родителите се применуваат целосн. Учениците и родителите се придржуваат кон куќниот ред на училиштето.

Просторот за одвивање на воспитно-образованата работа, задоволува.

Училиштето се препознава по постигање на учениците во текот на образованието, во училиштето и по постигање од повеќе области на натпревари на ниво на општинско и регионално ниво. Угледот на училиштето се подига со организирање на натпревари и активно учество на голем број културни манифестации организирани во соработка со општината и училиштата од општина Липково.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на етничката или верската припадност.

Има во доволен број наставно-нагледни средства, но постоечките редовно не се користат.

Училиштето повремено ги утврдува потребите за наставни сретства и помагала но обновувањето зависи од расположливите сретства. Училишната библиотека делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците.

Училиштето има стручна служба, составена од педагог, психолог и дефектолог кои им даваат подршка на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање на соодветна помош на учениците од секаков вид.

Потребите на наставниците за стекнување на знаења од одредени области за подобрување на наставниот процес и активностите во училиштето се реализираат само кога се повикани на семинари и обуки.

Финансиското работење на училиштето е контролирано од Училишниот одбор а скромните средствата со кои располага се трошат наменски.

Работата на Училишниот Одбор е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива и Деловникот за работа. Членовите се запознаени со состојбите во училиштето, со програмските документи и со управувањето со финансиите во училиштето. Транспарентна е застапена за заинтересираните структури во училиштето.

Фокусот на работењето на директорот е подобрување на услови за работа, продолжување на проектите и аплицирање во нови и подобрување на професионален развој на наставниците. Работата на директорот е испланирана во годишната програма за работа каде се опфатени тековни активности.

Училиштето е активно во однос на реализација на еко проектот. Има интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во сите предмети и во одредени теми. Еколошката програма во училиштето се реализира со планирана динамика раководена. Сите ученици се вклучени во активностите во еколошкиот проект и ги знаат еко-стандардите..

За Проектот МИО, ООУ„Рилинџа“-с.Лојане-општина Липково, има потпишано Меморандум за соработка со ООУ„Даме Груев“-с.Еџерлија Општина Свети Николе бр.03-466/1 од 19.10 2023 година. Во текот на учебната 2023/2024 година ќе реализираат заеднички активности со партнер училиштата.

Самоевалуација на училиштето за периодот 2021/2023 година со одлука на усвојување од училишниот одбор. Самоевалуацијата содржува добри и слаби страни и препораки со број 03-160 од 07.09.2023 година.

Програма за развој бр.03-194/3 од 10.09.2023 година е за период од 2022-2026 година и е усвоена од училишниот одбор .

## Карактеристики на училиштето

ООУ„Рилиндја“ село Лојане, општина Липково е лоцирано во местото Рудник Лојане, околу 12 километри североисточно од Куманово, каде што живеат Албанци со различен социјален и економски статус. Училиштето е основано 27.11.1965 година со акт број.30044-под името ООУ„Рилиндја“,с.Лојане. Носител на основачките права на училиштето е општината Липково. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение од Собрание на Општина Куманово бр.1410-1326/3-од 09.06.1995 година.

Во состав на училиштето се следните училишни објекти:Централното училиште во местото Рудник Лојане и Подрачните училишта: с.Вакцинце и с.Лојане. Сите објекти се во од тврда градба и во добра состојба,.

Во Централниот Регистар на РМ е запишан со Решение примен на ден 25.05.2012 година со Деловоден бр.31020120001475, со даночен број 4017973122546, Матичен број:4031725 и со Жиро сметка**:** 742010561490310.

Во воспитно образовниот процес се опфатени 389 ученици, од кои 182 машки и 207 женски, распоредени во 30 паралелки од кои во централното училиште-Рудник Лојане-вкупно се 13 паралелки, Во подрачното училиште во с.Вакцинце вкупно се 8 паралелки и Подрачното училиште во с.Лојане вкупно се 9 паралелки од прво до пето оделение.

Воспитно-образовниот процес се изведува на албански наставен јазик.

Централната училишна зграда помеѓу селата Ваксинце и Лојане, располага со 14 училници, 3 кабинети по информатика, нема фискултурна сала, има библиотека, од административни простории –1 помала просторија за директор,1 за психолог, библиотекар – сметководител, една за секретар и една наставничка канцеларија, ПТТ врска; училишна интернет мрежа од Министерстото за образование и наука која во моментот не функцинира. Училиштето располага со дворна поиврншина од 28 211 $m^2$ во централното училиште; Спортски терени 1215 м2; озеленета уредена површина од околу 1000 $m^2$;.Во состав на училиштето има 2 подрачни училишта и тоа: ПУ с.Лојане и ПУ с. Ваксинце и двете училишта се изградени од тврда градба. ПУ во с.Лојане е со површина од 450 м2, игралиште со површина од 600 м2. Објектот има вкупно 5 училници, 1 кабинет по Информатика, 1 наставничка канцеларија, една помошна просторија и тоалети и училишен двор. ПУ во с.Лојане, дворот зафаќа површина од 1271 $m^2$ површина, истиот е заграден и уреден со бекатон плочки кои на неколку места се растурени и разместени. ПУ во с. Ваксинце е со површина од 250 м2. Објектот има вкупно 5 училници , 1 наставничка, еден подрум и еден санитарен јазол со 3 тоалети. Училиштето не располага со спортска сала. Училиштето се затоплува со сопствено парно греење на течно гориво. Во училиштето за учениците од прво оделение се обезбедува прифаќање на учениците еден час пред почетокот на наставата и еден час за испраќање на учениците.

Во ООУ„Рилиндја“ с Лојане општина Липково наставата се изведува на албански наставен јазик. Наставата се изведува во една смена во Централното во местото Рудник Лојане и во Подрачните училишта во с.Вакцинце и во с.Лојане наставата се одвива во две смени. Училиштето поседува: 12 ЛЦД проектори, 12 интерактивна табла, 3 ласерски принтер и 3 комбинирани принтери со скенер и копир, три телевизори, 120 географски карти.

Во училиштето има 63 вработени, од нив наставен кадар се 48 наставници. Исто така во училиштето има 1 директор, 3 стручни соработници (Педагог, Дефектолог и психолог), 1 секретар, 1 домаќин, 1 хаусмајстор, и 7 хигиеничари . Статутот на училиштето бр.01-250/1 од 26.12.2019 година. е усогласен со Законот за основно образование. Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година бр.01-134 од 14.08.2023 година. е усвоена од училишен одбор. На ден 22.08.2023 година Годишната програма е упатена до Советот на општина Бутел бр.03-155/од 14.08.2023 година.

## 1.Наставни планови и програми

## 1.1. Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Рилинџа“–с.Лојане-општина Липково се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование.

Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализираат во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта донесен од Министерот за образование и наука.

По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптирани наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието. Содржините во најголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво, второ, трето, петто и шесто одделение воспитно–образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена од Министерот за образование и наука бр.12-4729/2 од 12.05.2023 година.

Училиштето ги информира членовите на Советот на родители за целите на наставните планови и програми што ќе се реализираат во текот на учебната година. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на брошура. Во училиштето има 2 ученици со посебни образовни потреби кои се со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, 2 ученици работат според ИОП.

Училиштето има формирано инклузивен тим одлука бр. 02-316 од 09.12.2022 година. Исто така, има и 8 ученици со потешкотии во учењето кои се детектирани со извештај од надлежна институција или од страна на наставниците и стручната служба и со нив се работи со диференциран пристап. За сите ученици со посебни образовни потреби постои Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор и пропишаната процедура за изготвување на ИОП, дел од наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Два пати годишно инклузивниот тим за ученик прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. Училиштето има Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ која треба се одвива во три нивоа: директна поддршка на учениците и нивните родители; поддршка на воспитно-образовниот кадар и поддршка на пошироката општествена заедница. Во училиштето во моментов се ангажиран еден образовен асистент од Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“. Училиштето нуди три изборни предмети според наставниот план. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

Во ООУ„Рилинџа“–с.Лојане-општина Липково, се планира и реализира проширена програма. За учениците од прво до трето одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот, односно старателот. Прифаќањето и заштитата на учениците ја врши одделенски наставник.

## 1.2.Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите.

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Програмата нуди активности за

запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи, спортски активности и друго. ООУ„Рилиндја“-с.Лојане-општина Липково, има потпишано Меморандум за соработка со ООУ„Даме Груев“-с.Еџерлија Општина Свети Николе бр.03-466/1 од 19.10 2023 година. Во текот на учебната 2023/2024 година ќе реализираат заеднички активности со партнер училиштата. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично. Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот застапен е во одделенска настава, додека помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

### 1.3.Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците, како и обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Изборот се врши преку анкетирање на учениците.

Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози.

Воннаставните активности делумно се планирани во Годишната програма на училиштето, а опфаќаат: работа со надарени и талентирани ученици, општествено-корисна работа, слободни ученички активности, заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеење, следење и унапредување на воспитно-образовната работа, како и активности со ООУ„Даме Груев”с.Еџерлија општина Свети Николе- партнер училиште, каде наставата се реализира на македонски наставен јазик.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско и регионално ниво. Во учебната 2022/2023 година учениците освоиле треро место на ниво на општина Липково. Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Согласно со донесената Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година, по одобрување на програмата за екскурзии од Бирото за развој на образованието, Советот на Општина Липково и Советот на родители, тековно ќе се реализираат предвидените ученички екскурзии.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето нема формирано училишен спортски клуб. Училишниот спортски клуб е во процедура.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1.Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, паралелки и наставни предмети.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 4,19 за учебната 2020/2021 година; 4,04 за учебната 2021/2022 година и 4.36 на крајот од учебната 2022/2023 година. Нема отстапувања и во учебните години кога наставата е реализирана онлајн. Училиштето има анализи за постигањата со описно оценување и преминот од описно во бројчано оценување.

Се водат ученички портфолија со информации за постигањата на учениците.

Училиштето има формирано инклузивен тим со Одлука од Училиштето и донесена Програма за работа за деца со посебни потреби. Со потешкотии во учењето се

идентификувани 8 ученици, а идентификацијата ја прават наставниците во соработка со педагогот на училиштето.. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот, наставниците организираат дополнителна настава, а со надарените ученици имаат програма за реализација на додатна настава.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на училишно, општинско и регионално ниво. На општинско ниво имаат учество на квизов, литературни натпревари,ликовни натпревари противпожарен натпревар, на овие натпревари имаат земено учество учениците и освоиле трето место.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно дадени критериуми во интерен Правилник за видови пофалби и награди на учениците.

## 2.2.Задржување / осипувањето на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон. Има изградено систем и презема активности да ги опфати сите училишни обврзници. Обезбедува услови за запишување на децата од реонот на училиштето опфаќајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи, преку општината.

Училиштето има процедура за вклучување на ученици повратници од странство односно осипани ученици.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности.

Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 889, или 2,44 изостанок по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 635 или 1.73 изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 855, изостаноци или 2.31 изостаноци по ученик. Училиштето не врши анализа за причините за отсуство од наставата и превзема конкретни активности.

Изостанувањата се како резултат на времена миграција на населението од економски причини. Училиштето има податоци за секој учебик индивидуално со остварени посети на точни адреси како и спроведување на постапка до државниот просветен инспектор.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои се води уредна евиденција. Во учебната 2022/2023 година реализирани се 9 советувања на родители и ученици. За резултатите од спроведените советувања, доколку има потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Стручната служба врши анализи на резултатите од советувањето.

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, вкупно 28 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство.

## 2.3 Повторување на ученици

Во изминатите три учебни години нема ученици кои го повторувале одделението. Има ученици кои се задржани во истите одделенија поради нивно поголемо отсуство од настава-заминување во странство и повторно враќање по една или две години и немање можност за изведување и формирање на крајни годишни оценки.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката и правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1.Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Годишните и тематски планирања се прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и остварува соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ и други релевантни институции.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски планирања, неделни планирања и оперативен план или сценарио за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата. Наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

За реализирање на наставните програми според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Бирото за развој на образованието за планирање на наставата по Кембриџ програмата. Планирањата на наставниците од прво, второ, трето и петто одделение се во согласност

со насоките добиени од БРО за планирање на наставата согласно Новата Концепција за основно образование. За реализирање на наставните програми во прво, второ, трето и петто одделение, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Бирото за развој на образованието, според целите од националните стандарди и новата Концепција за основно образование.

За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално.

При планирањето наставниците ја имаат неопходната подршка од училишниот педагог во однос на организацијата и реализацијата на наставниот час. Директорот и стручната слуба на училиштето им овозможува на наставниците техничка и организациона поддршка во изработката на планирањата, како и посета на семинари организирани од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука или од УСАИД.

Поголем дел од наставниците своите планирања ги прават во електронска и печатна форма.

Планирањата на наставниците, директорот и стручната слуба на училиштето добро ги следат и тоа преку посета на часови во текот на учебната година и преку непосредни увиди на првото и второто полугодие од учебната година.

За ново вработените наставници не се назначени наставници-ментори и не се водат досиеа за нивно следење.

Распоредот на часови е направен според наставниот план земајќи ги во предвид просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови се изготвува од страна на наставникот по информатика. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.

## 3.2. Наставен процес

Во ООУ„Рилиндја“ с Лојане општина Липково наставата се изведува на албански наставен јазик. Наставата се изведува во една смена во Централното во местото Рудник Лојане и во Подрачните училишта во с.Вакцинце и во с.Лојане наставата се одвива во две смени.

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на најголем дел од наставниците.

Поголемиот дел од наставата во училиштето се реализира во класични училници, освен по предметот информатика, биологиа, физика, географиа и хемија кои се изведува кабинетска настава. Дел од наставниците во своите оперативни планови за час имаат предвидено користење на разновидни форми, методи но не и современи техники на учење. Најголем дел од наставниците користат традиционални методи и форми за работа. Дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците применуваат наставни техники, а интеракцијата е присутна во најголем дел во паралелките од прво, второ, трето и петто одделение кои работат по Новата Концепција за основно образование.

Наставниот процес се следи и преку резултатите за успехот и редовноста на учениците што се разгледува на совети на паралелка на крај на секој класификационен период. Стручната служба изготвуваа табели и известувања кои редовно се презентираат на Наставнички совет, податоците потоа се користат за подобрување на наставниот процес. Дициплината кај поголемиот дел на учениците е на задоволително ниво, иако што кај одредени наставници дисциплината би била подобра ако повеќе би биле ангажирани сите ученици во активностите, сметаат дел од учениците.

Најголем дел од наставниците се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на

имплементација на интегралната евалуација, делумно беа реализирани часови со примена на ИКТ. Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава делумно задоволува. Учениците се поттикнуваат да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува во паралелките од прво, второ, четврто и петто одделение кои работат по Новата Концепција за основно образование. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена интеракција ученик - ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и физичка попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, а во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во текот на годината од страна на директорот и училишниот педагог. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

Генерална оценка за одвивањето на наставниот процес делумно задоволува поради тоа што дел од наставните предмети многу малку се користи ИКТ во наставата.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски делумно уреден. Низ ходиците во училиштето, делумно има изложени изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми во Подрачните училишта.

Училиниците во кои учениците учат се доволни за бројот на учениците во нив. Тие се простран, осветлени, чисти и естетски уредени. Тие се простран, осветлени, чисти и естетски уредени.

Учениците сметаат дека на дел од наставните предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Дел од учениците сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Потребите на учениците се идентификуваат од страна на одделенските раководители, стручната слуба, како и останатите наставници но не се преземаат доволно активности за успешно реализирање на нивните потреби.

Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одредени предмети, активноста на часот, интерес за одредени области и дискусии на класен час.

Дел од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. За ова укажува и фактот дека досега немало поплака во усна и писмена форма во однос на оценувањето од страна на родител или ученик. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим.

Сите наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

## 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно собира информации и ги следи постигањата на учениците, се врши анализа на успехот на класен час, на советот на паралелка со предметните наставници, на наставнички совет, преку анализа на успех од стручната служба, на состаноци на активи и други субјекти на училиштето.

На крајот на учебната година учениците од I до III одделение добиваат сумативна описна оценка, а останатите ученици од четврто до деветто одделенија добиваат свидетелства со бројчано оценување. Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. За таа цел се користат организирани родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите.

Постои можност за електронско информирање и добивање на податоци за постигнувањата, редовноста и дисциплината. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Најголем дел од наставниците редовно и целосно водаат Е-дневниук за учебната 2023/2024 година.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишните згради и во училишните дворови.и иститe. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и непретставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.Сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат како штекери, лизгав површини, скали се посебно означени и учениците се запознаени како дасе однесуваат кон нив.

При влезот на централното училиште има пристап на рампа за ученици со хендикеп.Пристапна рампа има и на влезот во зградата во с.Лојане.

Во училиштето нема физичко обезбедување преку Агенција за обезбедување, а има дежурства на наставници за време на одморите и дежурства од ученици. Во централното училиште има инсталиран видео-надзор.

При несреќни случаи во училиштето има 2 обучени наставници за давање прва помош. Два (2) наставника и 5 (пет ) лица од помошно-техничкиот персонал имаат поминато обука од областа на ПП заштита на лицата. Во случај на лесна физичка повреда училиштето поседува опрема за давање на прва помош и истата е достапна во ходникот на централната училишна зграда.Училиштето има План за заштита од елементарни непогоди.Училиштето располага со 3 хидранти распоредени по еден во секоја зграда и 12 ПП апарати од кои 8 се наоѓаат во централното училиште еден во зградата во Ваксинце и 3 во Лојане. ПП апаратите се сервисирани на 30.0-8.2023 год.Централната зграда има громобранска инсталација. Училиштето има изготвено елаборат за поставување на громобран на зградата во с.Лојане и во с.Ваксинце. На постоечката громобранска инсталација не е направено мерење.

Во случај на незгода и елементарна непогода учениците,вработените и училиштето се осигурани доброволно од осигурителната компанија.Училиштето има план за евакуација и истиот е транспарентно објавен на огласните табли, ходниците и другите простории.Последна симулација од елементарни непогоди од пожар и земјотрес е извршена во учебната 2021/22 година.Училиштето има изготвено Правилник за заштита од пожари и експлозии

Училиштето нема пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на возрасните кон децата кои се сметаат за психичко и физичко малтетирање.Наставниците и учениците се запознаени дека во училиштето е забрането секаков видна насилство.Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процес от на заштита на децата. Во случаи на појава на насилство, училиштето има договорена процедура и протокол за постапување во такви ситуации.Изработката на пишана процедура и протокол е во изработка. Се организираат дежурства на наставници за време на одморите. Во училиштето појави на насилство не се регистрирани.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање на алкохол и консумирање и дистрибуција на наркотични супстанци во училишниот простор, вклучувајќиго тука и училишниот двор. Во училиштето има поставено апликаци и за забрана на истите, а од страна на стручната служба се организираат предавања со цел да се укаже на штетноста и последиците од консумирање на истите.

Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. Од страна на стручната служба организирани се предавања на тема: „Здрава храна“.

Во училиштето нема евидентирано ученици со телесен недостаток и со пречки во движењето.

Во училиштето има мал број од социјално загрозени семејства,чии родители се приматели на социјална помош.Училиштето обезбедува материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во

вонnаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (например, екскурзии и натпревари), но за истото нема пишани процедури.

## 4.2. Здравје

Хигиената во и надвор од централното училиште каде се реализира воспитно-образовната работа делумно задоволува. Дворот на училиштето во задскриените делови е полн со секаков ви дотпадоци а земјени површини делумно се хортикултурно уредени и повремено се одржуваат.

Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци.Училиштето има „Програма за заштита на здравјето на учениците“ која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Редовно се вршат систематски прегледи на учениците и на вработените. Извршен е систематски преглед на вработените на 09.12.2021 година од ПЗУ Д-р Драган Куманово со кого училиштето има потпишано договор за извршување на превентивни здравствени прегледи на работници и санитарен преглед на ден 26.09.2022 година.Следниот санитарен преглед е во процедура.За заштита на здравјето, училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести и има извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција.Последна извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција е иврherенана 30.09.2023 година од Центар за јавно здравје Куманово.

Училиштето има договорена процедура за грижа за учениците ко и поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. При постапување со истите училиштето постапува во соработка со родителите на учениците.Во училиштето нема ученици со потешки од здравствени проблеми..Училиштето соработува со здравствените институции и родителите по одредени прашања од оваа подрачје.

## 4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации. Стручната служба-педагогот и психологот,изготвува психолошки тестови за учениците за нивното понатамошно образование. Сручната служба ги информира учениците за конкурсите, условите и начинот на уписите во средните училишта. Психологот одржува усни советувања со деветто одеенците со цел помош при нивната професионална ориентација.При крајот на учебната година училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информаци и за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Општи информаци и за понатамошно образованиесе и дел од програмите за реализирање на одделенските часови.

## 4.4 Следењенанапредокот

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и занивниот психо-физичкиразвој. Индивидалната евиденција се внесува во дневник на паралелка, евидентни листовии досие на ученик. Евиденцијата им е достапна на учениците и на родителите на родителски средби. За напредок на учениците стручната служба соработува со родителите.

Врз основа на индивидуалната евиденција за учениците,наставниците изработуваат извештаи на ниво на паралелки, а педагогот изработува анализи на ниво на квалификациони периоди и споредбени анализи по години. По обработка на податоците, истите се достапни до учениците, родителите и останатите наставници.

Резултатите од анализите се користат во доволна мера понатаму за подобрување на постигањата и на целиот воспитно – образовен процес.

## 5. Училишна клима

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се препознава како добро училиште по квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области како и остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Во училиштето се образуваат ученици од албанската етничка заедница.

Раководниот орган, стручната служба и наставниот кадар уживаат респект кај родителите и учениците.

Училиштето има кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури: раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите.Во изготвувањето на кодексите учествувале сите засегнати страни. Кодекс на однесување на ученици и кодекс на однесување на наставници се истакнати транспаретно во ходниците и холот на училиштето. Донесените кодекси од страна на вработените, учениците и родителите се применуваат целосно и сите вработени, ученици и родители се придржуваат кон нив.Училиштето нема изготвен Куќен ред.

Во училиштето климата е добра. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во секојдневниот училишен живот. Односите меѓу сите во училиштето се на задоволително ниво за нормално одвивање на воспитно-образовниот процес. Сите ученици се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Дисциплината на учениците е добра и нема нарушување на образовниот процес. Поведението на учениците е добра.Вработените внимателно, но и авторитетно се справуваат со проблемите кои се однесуваат на дисциплината и нередовноста. Во стручната служба, кај стручниот соработник-педагог,постои соодветна евиденција за изречените педагошки мерки на учениците кои се малку на број.

Учениците се навремено и добро информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесување одлуки во врска со тие работи.

Учениците,членови на училишната заедница, делумно се запознаваат со работата на наставничкиот совет, совети на паралелки и Училишниот одбор. Членовите на училишната заедница многу ретко се поканувaат на состаноци на Училишниот одбор.

Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците во решавањето на новонастанати проблеми.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето повремено ги промовира постигањата на учениците, најчесто на патрониот празник. За промовирање на постигањата и ученик на генерација нема пропишан интерен правилник. Училиштето секоја година, со гласање на наставниците бира ученик на генерација.Најголем број од наставниот кадар го користи пофалувањето како начин на мотивирање и промовирање на постигањата на учениците.

Учениците почесто учествуваат на училишни и општински натпревари, а поретко на државни натпревари.

Училиштето нема своја интернет –страница за промовирање на училиштето и информирање на јавноста за нејзиното работење. Дел од постигањата училиштето ги објавува на својата фејзбук страница.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката. Училиштето ги запознава учениците со нивните права, иако не секогаш им овозможува да ги практикуваат.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на етничката или верската припадност.

Училиштето планира и реализира многубројни заеднички наставни и вонаставни активности со мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди

меѓуетничка соработка на учениците и вработените со друго училиште. Училиштето планира активности од меѓуетничка интеграција.

## 5.4.Партнерски однос со родителите, со локалната заедница и со локалните работодавци

Соработката на училиштето со родителите делумно задоволува. Таа се базира врз размена на информации, консултации и партнерски однос. Родителите се информираат и за успехот и поведението на учениците и тоа со директни контакти со наставниците, стручната служба и на родителските средби.

Училиштето презема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовнатаработа.Родителите се повикани активно да се вклучат во наставниот процес преку учество во планирањата и реализиањата на разни воннаставни активности (патронен празник, хуманитрни акции и слично) номал број родители ги користат можностите кои им ги нуди училиштето.

Дел од родителите самоволно се вклучени во акција за подобрување на материалните услови во училиштето и се расположени за донации во училиштето.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и групни родителски средби.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата и идните активности се достапни во доволен обем на сите родители и ученици. Истотака, и нивото на постигањата на учениците е достапно за сите родители и во секое време.

Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку соработка со институциите од локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата како што се одбележување на празници,јубилеи и сл.Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето директно и индиректно.

Локалната самоуправа ги препознава како приоритет потребите на училиштето како во поглед на инфрастуктурата така и во поглед на осипувањето на учениците од општината во други училишта во други општини.

Училиштето има соработка сограѓанскиот со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма е добра.

# 6.Ресурси

## 6.1.Сместување и просторни капацитети

Училишните згради се од тврда градба.Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно- образовната дејност училиштето ја реализира во 3 училишни згради.

Централната училишна зграда помеѓу селата Ваксинце и Лојане, располага со 13 училници, 4 кабинети и тоа: кабинет по информатика, хемија, физика и билогија, нема фискултурна сала, има библиотека, од административни простории–1 помала просторија за директор,1 за психолог, библиотекар–сметководител, една за секретар и една наставничка канцеларија со вкупно 8 санитарни јазли; ПТТ врска; училишна интернет мрежа од интернет компанија -А1 Македонија

Училиштето располага со дворна поивршина од 28.211m$^2$ во централното училиште; Спортски терени 1215 м2; озеленета уредена површина од околу 1000 m$^2$.

Во состав на училиштето има 2 подрачни училишта и тоа: ПУ с.Лојане и ПУ с. Ваксинце и двете училишта се изградени од тврда градба.

ПУ во с.Лојане е со површина од 450 м2, игралиште со површина од 600 м2. Објектот има вкупно 5 училници, 1 кабинет по Информатика, 1 наставничка канцеларија, една помошна просторија и 3 тоалети и училишен двор.

ПУ во с.Лојане, дворот зафаќа површина од 1271 m$^2$ површина, истиот е заграден и уреден со бекатон плочки кои на неколку места се растурени и разместени.

ПУ во с. Ваксинце е со површина од 250 м2. Објектот има вкупно 5 училници , 1 наставничка, еден подрум и еден санитарен јазол со 3 тоалети.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Во централното и во подрачните училиштета недостасува училишна спортска сала за наставата по физичко и здравствено образование.Училиштето добило Одобрение бр.18-12 од 06.07.2022 година од Општина Липково за изградба на Типска училишна сала.

Затоплувањето во зградите е со сопствено парно греење со нафта.

## 6.2.Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала делумно ги задоволува потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа, но истата има тенденција на подобрување во последните неколку години. Училиштето поседува: 12 ЛЦД проектори, 12 интерактивна табла, 3 ласерски принтер и 3 комбинирани принтери со скенер и копир, три телевизори, 120 географски карти.

Училиштето своите потреби за наставни средства и помагала ги утврдува преку стручните тела на училиштето, со давање на приоритети за набавка на најнеопходните помагала.

Училишната библиотека располага со вкупно 8133 примероци на книги, од кои 150 стручни книги, белетристика, лектирни изданија–2060, книги по жанрови 3653, литература на странски јазик 470 и 1800 учебници. Во библиотеката најголем број на книги се стари изданија, а помалку се од нова лектирна и стручна литература. Библиотечната евиденција се води во инвентарна книга.

Задолжувањето се врши со карта. Библиотеката е отворена за ученици пет дена во неделата од 7 до 15 часот.Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно предвидената динамика. Редовно изготвува извештај за својата работа, и учествува во изработката на Самоевалуацијата на училиштето и Програмата за развој. Училиштето обезбедува потрошен материјал преку повеќекратно набавување во текот на една календарска година.

## 6.3.Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес.

Во ООУ„Рилиндја“ с Лојане општина Липково наставата се изведува на албански наставен јазик. Наставата се изведува во една смена во Централното во местото Рудник Лојане,а во Подрачните училишта во с.Вакцинце и во с.Лојане наставата се одвива во две смени

Има неколку наставници дополнуваат часови во друго училиште и обратно. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Училиштето има вработен секретар, педагог,раководен орган-директор,8 хигиеничари, 1 хаусмајстор и еден ноќен чувар.

Во училиштето има дефектолог со специјализирано образование за работа со деца со посебни потреби, а со тие ученици работи инклузивен тим.

Наставниот кадар континуирано стручно се усовршува во склоп на обуките на МОН. Наставниците учествувале на обуки за реализација на ИКТ во наставата, формативно и сумативно оценување, еколошко едукација во образованието, меѓуетничка едукација во образованието, работа со комјутери, работа со деца со аутистичен спектар, а дел од наставниците се здобиваат со знаења по пат на дисиминација.

Во училиштето нема наставник со звање наставник ментор. Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара согласност од основачот.

Училиштето има стручната служба педагог и психолог која им помага на наставниците во организација на наставата и го следи напредокот на учениците. Советодавно работи со учениците и родителите, подготвена и отворена за соработка. Стручниот соработник има програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадарот

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. За усовршување и професионален развој на наставниците училиштето има воспоставено систем за десиминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба.

Директорот согласно својот план и програма за работа врши посета на часови кај наставници најмалку два пати во едно полугодие. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален и кариерен развој на наставниот кадар.

Во моментот на вршењето на Интегралната евалуација нема наставници приправници.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено Финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки. Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Училиштето нема средства од самофинансирање или од издавање на простор под закуп. Комисијата за јавни набавки правилно е формирана.

## 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

### 7.1. Управување/ раководење со училиштето

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Училишен одбор е формиран со изборна постапка согласно Законот за основно образование. Овој орган брои 7 члена 6 се машки и 1 женски пол.

Претседател на Училишен одбор за време на интегралната евалуација е во оставка со Одлука бр.02-181/1 од 25.09.2023 годин. Етнички состав на Училишниот одбор е со 7 члена од албанска националност.

Училишен одбор е конституиран со бр.02-294 на 09.12.2021 година со полн состав. Овој орган има свој Деловник за работа, кој е заведен под бр.02-159 од 10.08.2021 година. Седниците на Училишниот Одбор ги закажување претседателот во соработка со директорот. За седницата покрај поканата и дневен ред се доставуват и подготвени расположиви материјали доколку се помал обем.

Седници се одржуват редовно. Присутноста е добра, редовно со мнозинство присутни членови, нема одложување на седници поради недостаток на кворум. На дневен ред на седниците се поставувани прашања во согласност со надлежности на Училушен одбор предвидено со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Одлуките на Училишниот Одбор се носат најчесто едногласно или со мнозинство на гласови. За одлуките на Училишниот одбор се информираат вработените, родителите и основачот преку своите преставници, најчесто неформално со разговорот а не на официјален начин. Записници од седниците на овој орган се изготвуват како посебни документи, истите се потпишани од претседателот и записничар. Записникот, одлуките и други акти се изготвуват како посебни акти и се заведуват деловодна книга. Нема нереализирани одлуки. Донесените одлуки на Училишниот Одбор се спроведуват во целина без исклучок. Директор на училиштето е Идриз Сулејмани професор по оделенска настава Диплома бр.4762 издадена од 04.06.2009 година, со положен испит за директор со стекнат сертификат бр.11-82/4 од 12.07.2021 година. Директерот раководи со училиштето од 23.12.2021 година, именуван со Одлука на Градоначалникот на општина Липково.

За својата работата, директорот има изготвено програмата за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година. Директорот има добра соработка со вработените и со другите органи во училиштето, има добар однос и подршка од локалната заедница, има професионален однос со учениците, родителите, вработените и институциите. Во раководењето, директорот применува тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирањето и реализацијата на активностите. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознати сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој, успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето, воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучува партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Во училиштето добро функционират Наставнички совет, Совет на паралелките, Совет на родителите и стручните активи. Секој од овие органи има своја годишна програма. Органите се бават со надлежностите кои се утврдени со статутот на училиштето за секој орган. Овие стручни органи и тела редовно одржуваат состаноци. Присутноста е добра а одлуките ги донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови. Во училиштето добро функционира Совет на родители. Овој орган го сочинуват по еден преставник од секоја паралелка. Совет на родители има свој Деловник за работа бр.02-113/1 од 10.05.2021 година.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Училиштето, потребите за развој ги има правилно идентификувано во документот за Самоевалуација за работатата на училиштето која е донесена со Одлука на Училишен одбор. Во креирањето на образовната политика се вклучени поголем дел од наставници, а помал дел од родители и ученици.

Во Развојниот план кој е донесен од Училишен одбор целите се добро определени бидејќи се во најголема мера прецизни, и во најголема мера ја отсликуват мисијата на училиштето, а при нивно поставување се вклучени дел од наставниците, родителите и учениците. Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата.Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

Стратешкото планирање за инфраструктурата, е добро. Училиштето има план и соодветно обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Постои добра соработка со локалната самоуправа, МОН и донатори , кои во целост го подржуват училиштето за подобрување на инфраструктурата.

## Наоди и препораки

### 8.1Силни страни

- Добра опременост со наставно нагледни средства и материјали кои придонесуваат за квалитетна настава;
- Искористеност на просторните капацитети за реализација на наставни и вонаставни активности;
- Водење на постоената грижа за подобрување на постигањата на учениците;
- Мисијата и визијата на училиштето ја отсликуваат заложбата за меѓуетничка интеграција во образованието;
- Еднаков пристап спрема учениците од различна полова и социјална припадност;
- Организирање на едукативни предавања за заштита на здравјето и заштита од насилство;
- Училиштето води политика на инклузивност на ученици со посебни образовни потреби во редовната настава;
- Училиштето е добро управувано и раководено, со јасна визија за негово промовирање и развивање;
- Транспарентност при трошењето на училишниот буџет.

### 8.2 Слаби страни

- Наставниците слабо планираат диференцирани активности и техники, како и недоволна интеракција на релација ученик – ученик;
- Библиотеката нема доволен број лектирни изданија за потребите на учениците и не се води во електронска форма;
- Недоволно употреба на ИКТ опрема за реализација на наставата;
- Нема фискултурна сала;
- Мал број на учество на натпревари.
- Училиштето нема своја интернет –страница за промовирање на училиштето и информирање на јавноста за нејзиното работење.
- Училиштето нема изготвен Куќен ред.

### 8.3. Препораки

- Да се преземат активности за планирање на диференцирани активности и техники, како и примена на интеракција ученик-ученик;
- Да се зголеми бројот на лектирни изданија за задоволување на потребите на учениците, да се води евиденцијата по пат на електронска форма:
- Да се употребува повеќе ИКТ опрема за реализација на наставата;
- Училиштето да поднесе барање до надлежните за изградба на училишна фискултурна сала;
- Учениците повеќе да учествуват на ученички натпревари;
- Учелиштето да отвора својата интернет страница за потребите на училиштето; Училиштето да изготвува Куќен ред за училиштето.

| | |
|---|---|
| **Џавид Сулејмани**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Сања Јакимовска,** Инспектор | |
| **Александар Панев,** Инспектор | |